# Доделени наградите „11 Октомври“ за уметност

**— Три награди за животно дело: Тома Владимирски, академски сликар, Антон Панов, писател и Трајко Прокопиев, композитор и диригент**

Вчера во Скопје, Управниот одбор на Фондот за награди „11 Октомври“ ја одржа својата трета седница под претседателство на Ксенте Ботоев на која се донесени дефинитивните одлуки за доделување на наградите „11 Октомври“ за најдобрите остварувања на поединци. Во животно дело како и наградата за институција од областа на уметноста.

Доделени се четири награди на поединци во износ од по 500 илјади стари динари, и тоа на **Мери Бошкова**, артистка од Скопје, за толкувањето на улогата „Антигона“ во истоимената трагедија, на **Властимир Николовски**, композатор од Скопје, за ораториумот „Клименту“, на **Методија Фотев** за романот „Потомците на Кат“ и на **Коле Чашуле**, писател од Скопје за книгата „Драми“.

Наградата за институција во износ од 1,5 милиони стари динари ја доби Драмскиот театар од Скопје за особени остварувања во областа на драмската култура, додека три награди за животно дело, во износ од по милион стари динари, Управниот одбор на Фондот за награди „11 Октомври“ им ги додели на **Тома Владимирски**, академски сликар од Скопје, на **Антон Панов**, писател од Струмица и на **Трајко Прокопиев**, композитор и диригент од Скопје.